РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1422/2
11-07-2025 г./v.

ДКСК — ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KSHPK — KOMISIONI SHTETEROR PER PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 20-та седница одржана на 04.07.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1422/1 од 29.04.2025 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Пријавата да се проследи на надлежно постапување до ///.

Предметот со број 12-1422/1 од 29.04.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-1422/1 од 29.04.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од познат подносител. Наводите во пријавата упатуваат на незадоволство од работата на адвокат ///, во врска со парничен спор заведен под /// бр. /// и /// бр. /// на ///, каде како странка се јавува подносителот. Наведено е дека пријавениот адвокат не постапувал во согласност со законите и начелата на адвокатурата, дека се обидувал странките во спорот да ги доведе во заблуда, дека настапувал од состојба на потенцијален судир на интереси во застапувањето на странките, како и дека за предметниот случај ја пречекорил границата на своите законски овластувања.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr. 3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
Тел/Tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

По увидот во содржината на пријавата, ДКСК утврди дека предметот нема елементи за надлежно постапување. Надлежен орган за испитување на наводите е ///, заради што пријавата ќе се проследи до овој орган на надлежно постапување.

Согласно со горе наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изготвил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: Б. Ц., член

Доставено до:
- Подносителот; и
- ///.